Број: 11 -_______/________
Датум: __________________
Скопје

Врз основа на член 22 , став 1, точка 7 и точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/02) и („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.202/2024), а во врска со Глава II. Проектни активности , точка 4. Парична помош за поплава или пожар од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година („Службен гласник на општина Карпош“ бр. 23/2025) и Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( поплава или пожар) донесен на седмата седница на Советот одржана на 28.01.2026 година , Општина Карпош објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За доделување на еднократна парична помош за поплава или пожар**

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година, објавува јавен повик за еднократна парична помош за:

- Поплава или пожар

I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица/ семејства жители на Општина Карпош ( се докажува со лична карта ) кои ги исполнуваат критериумите од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош поплава или пожар

II. Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање, наведена во член 6. Од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош за поплава или пожар.

III. Висина на финансиката поддршка

Поднесените барања со комплетна документација ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од Градоначалникот и врз основа на документите и направениот увид во домот на подносителот на барањето , ја одредува висината на еднократната парична помош , која неможе да биде повисока од 30.000,оо денари, а се доделува еднаш во годината.

IV. Начин на пријавување

Комплетните документи може да се поднесат во архивата на Општина Карпош на Ул. „ Никола Русински " бр. 11 или по пошта

V. Повикот не е временски ограничен и трае до исцрпување на финансиските средства , но најдоцна до 31.12.2026 година

ОПШТИНА КАРПОШ